# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 21.1.2020 год.<br>Скопје<br>Број 1 год. XV | Претплатата за 2020 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |

www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


јануари, 2020 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.


- Одлука за давање согласност на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во 2020 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ...................... 1 - 2

- Одлука за давање согласност на Извештајот од спроведената функционална анализа на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ..................... 3 - 4

- Заклучок за технички корекции на Извештајот од спроведената функционална анализа на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................................ 5 - 6

- Решение за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, со Решение за објавување .......................... 7 - 8

- Решение за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за комунални работи и, заштита на животната средина и природата, со Решение за објавување ........................................................ 9 - 10

- Одлука за прифаќање донација од Супертрејд, дооел Скопје, со Решение за објавување ........................................................ 11 - 12

- Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на Општинското основно училиште „Гоце Делчев"-Скопје, со Решение за објавување ........................................................ 13 - 14

- Јавна објава ........................................................................... 15



ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во 2020 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во 2020 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година.

Бр. 09-227/3
20.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), а во врска со член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14; 199/14 и 27/16), Советот на Општина Центар-Скопје на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во 2020 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во 2020 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-227/2
20.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Извештајот од спроведената функционална анализа на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Извештајот од спроведената функционална анализа на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година.

Бр. 09-227/5
20.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 17 став 4 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14; 198/14; 27/16; 35/18 и 198/18), Советот на Општина Центар-Скопје на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Извештајот од спроведената функционална анализа на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Извештајот од спроведената функционална анализа на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е интегралниот текст на Извештајот од спроведената функционална анализа на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-227/4
20.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за технички корекции на Извештајот од спроведената функционална анализа на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Заклучокот за технички корекции на Извештајот од спроведената функционална анализа на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година.

Бр. 09-227/7
20.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година, по донесувањето на Одлуката за давање согласност на Извештајот од спроведената функционална анализа на Општина Центар-Скопје, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за технички корекции на Извештајот од спроведената функционална анализа на Општина Центар-Скопје**

Текстот на Извештајот од спроведената функционална анализа на Општина Центар-Скопје технички се коригира на следниов начин:

1. Адресата на Општина Центар-Скопје е: „Михаил Цоков бр. 1“.
2. Во текстот на Извештајот да се избришат следниве зборови: „средни училишта и училишни домови“.
3. Во текстот на Извештајот да се додадат следниве зборови: „детски градинки на територијата на Општина Центар-Скопје“.
4. Во текстот на Извештајот да се додаде името на новото Општинско основно училиште „Киро Глигоров“.
5. Во текстот на Извештајот да се користи терминот „деца со пречки во развојот“.

Овој Заклучок стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-227/6
20.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Решението за измена на Решението за избор на претседатели на членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања**

Се објавува Решението за измена на Решението за избор на претседатели на членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година.

Бр. 09-227/9
20.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на членовите 26, 52, 53 и 54 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања**

1. Во Решението бр. 08-4570/2 од 15.11.2017 година за избор на претседател и на членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања наместо членот Вејсел Халими за член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања

се избира: Драган Станојевиќ.

2. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-227/8
20.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за комунални работи и заштита на животната средина и природата**

Се објавува Решението за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за комунални работи и заштита на животната средина и природата,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година.

Бр. 09-227/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
20.1.2020 година на Општина Центар-Скопје
С к о п ј е Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на членовите 26, 52, 53 и 54 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за комунални работи и заштита на животната средина и природата**

1. Во Решението бр. 08-4672/10 од 15.11.2017 година за избор на претседател и на членови на Комисијата за комунални работи и заштита на животната средина и природата наместо членот Јулијана Димески за член на Комисијата за комунални работи и заштита на животната средина и природата

се избира: Сергеј Попов.

2. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-227/10
20.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање донација од Супертрејд, дооел Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Супертрејд, дооел Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година.

Бр. 09-227/13
20.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од Супертрејд, дооел Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата од Супертрејд, дооел Скопје на паметна клупа од брендот Smart City што ќе биде поставена во дворот на Општинското основно училиште „Киро Глигоров“.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје се овластува да го потпише Договорот за донација на мебел од Супертрејд, дооел Скопје.

**Член 3**

Примерок од Одлуката да се достави до Супертрејд, дооел Скопје.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-227/12
20.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на Општинското основно училиште „Гоце Делчев“-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на Општинското основно училиште „Гоце Делчев“-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година.

Бр. 09-227/15
20.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 точка 4 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ" бр. 161/19) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 40. седница, одржана на 20.1.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање позитивно мислење на Статутот на Општинското основно училиште „Гоце Делчев"-Скопје**

1. Се дава позитивно мислење на Статутот на Општинското основно училиште „Гоце Делчев"-Скопје.

2. Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Општинското основно училиште „Гоце Делчев"-Скопје.

3. Одлуката стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-227/14
20.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

УП1 бр.27-245 од 27.11.2019 год.
СКОПЈЕ

До
Павлов Симеон
ул.„Козара“ бр.42/3/21
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Известување

Градоначалникот на Општина Центар, Скопје, постапувајќи по барањето на инвеститорот **Марјан Стојовски од Скопје**, со седиште на ул.Мраморец бр.34-6, поднесено во електронска форма преку информатичкист систем е-одобрение за градење под УП1 бр. 27-245 од 15.05.2019 год. за издавање на Одобрение за градење на објект со намена А1-домување во станбена куќа од втора категорија на ул.„Димитар Пандилов“ бр./ Скопје, на **КП 1470/3 и КП 1470/4** КО Центар 1, **г.п.9.24.1**, ДУП: градска четврт „107“ локалитети: Капиштец, Завод за Медицинска рехабилитација, Старо Водно, Мало Курило и Цветара.

Согласно член 62-а од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 129/2015, 129/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016 и 132/2016), Ве известуваме дека во рок од 15 дена од денот на издаденото решение можете да извршите увид во документацијата.

Горното Ви се дава на знаење.

**Напомена:**
Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото решение, решението станува правосилно.

**Предупредување :** Согласно член 84 став 6 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/15), овој начин на доставување до странката се смета за уредна достава и негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Приемен ден за странки: Вторник и Четврток од 13,00 до 15,00 часот

Изработил:
Танкица Христова, диа

ул. Михаил Цоков 66 , 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk